Република Македонија
Бр. 14-
___.03.2011 Скопје

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Име на материјалот: **Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка**

Усогласеност со Програмата на Владата: **Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија**

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: **ДА**

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
**На првата наредна седница на Владата**

Доверливост на материјалот: **НЕ**

Итност на материјалот: **ДА**

Прилог:

- **Мислења од Секретаријатот за законодавство, Агенцијата за државни патишта и Кабинет на заменик претседател на Влада задолжен за економски прашања;**
- **Образец за фискални импликации;**
- **Образец за проценка на влијание на регулативата;**
- **Усогласен текст на Договорот за заем по Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија - Смоквица, кој треба да се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Република Македонија (на македонски и англиски јазик).**

| Дата на доставување на материјалот: | Потпис: |
|---|---|
| **Скопје, __.03.2011 година** | **ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**<br><br>**м-р Зоран Ставрески** |

Подготвил: Ана Димитриевска/Ана Вељановска
Согласен: Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка

Заменик претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

м-р Зоран Ставрески

Скопје, март 2011 година

Подготвил: Ана Димитриевска/Ана Вељановска
Согласен: Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски
Недим Рамизи, заменик министер за финансии
Горан Михајловски, заменик министер за транспорт и врски

ПОВЕРЕНИЦИ:
Елена Кузмановска, државен секретар во Министерство за транспорт и врски
Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка

Скопје, март 2011 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. ________
од ________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132, 137 и 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка што го утврди на седница ____________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени, м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии, Миле Јанакиескi, министер за транспорт и врски, Недим Рамизи, заменик министер за финансии и Горан Михајловски, заменик министер за транспорт и врски, а за повереници Елена Кузмановска, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски

**ВОВЕД:**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Патната инфраструктура е од огромно значење за економскиот пораст, за мобилизирање на работната сила и исто така за конкурентност во меѓународната дистрибуција на транспортни активности, а воедно претставува еден од клучните фактори кои значително влијаат врз економскиот развој. Регионалната главна транспортна мрежа се смета за една од најважните политики за стабилност и економски просперитет на Југоисточна Европа.

Коридор 10 е најзначајниот елемент на централната транспортна мрежа која ги поврзува Република Грција со Австрија. Неговата должина изнесува 1,451.4 km и се состои од автопат со повеќе ленти на 80% од неговата должина. Сегашниот просечен годишен сообраќај во текот на денот (AADT) од 15.000 возила на ден треба да се зголеми за 6% годишно до 40.000 возила на ден до 2020. Овој Коридор е во целосна согласност со патот Е-75, кој е автопат со наплата на патарина на четири сообраќајни ленти.

Низ територијата на Република Македонија, Коридор 10 е во согласност со националниот пат М - 1 (меѓународна ознака Е-75), кој поминува во правец Север-Југ.

Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија - Смоквица е голем проект со кој се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница Демир Капија – Смоквица, во должина од околу 28км, во согласност со Европските стандарди, со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X која поминува низ Република Македонија. Заради комплексноста на теренот на кој ќе се извршуваат градежните работи, Проектот е оценет како доста сложен и опфаќа изградба на неколку големи објекти од типот на мостови, тунели, надпатници, потпатници и патни јазли. Овој проект, според подготвениот основен и изведбен проект изнесува околу 245 милиони евра и неговото финансирање ќе се врши од повеќе извори: грант средства од Европска Унија преку ИПА, заем од Европската инвестициона банка, заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и средства од Буџетот на Република Македонија. Проектот за изградба на автопатот на Коридор X е еден од т.н. „големи проекти“ во рамките на Оперативната програма за Регионален развој 2007-2011 година, финансирана преку третата компонента од Инструментот за претпристапна помош - ИПА на Европската Унија (ЕУ). За финансирање на Проектот во рамките на Оперативната програма алоцирани се 45 милиони евра за периодот 2007-2011 година.

Согласно заклучокот од 68-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 11.05.2009 година, заклучокот од 160-тата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.05.2010 година и заклучокот од 114-тата затворена седница на Владата на Република Македонија, одржана на 01.12.2010 година, Министерството за финансии започна разговори со ЕБОР заради обезбедување на заем за финансирање на реализацијата на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир

Капија – Смоквица, во висина од 107.000.000 евра. Проектот ќе се реализира во две компоненти:

1. Изградба на автопат на Коридор X од Демир Капија до Смоквица, и
2. Изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини.

Во рамките на првата компонента, се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница Демир Капија – Смоквица, во должина од околу 28км.

Во рамките на втората компонента, се предвидува модернизација на системот за наплата на патарина на постојните наплатни станици и изградба и опремување на четири нови наплатни станици на Коридор X.

Преговорите со ЕБОР за усогласување на текстот на Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, кој треба да се склучи меѓу Република Македонија и ЕБОР успешно завршија во Скопје на 03.02.2011 година.

Услов за склучување на Договорот за заем е донесување на Законот за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05 и 88/08).

**II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:**

Целта на проектот е изградба на автопатското решение на модерна делница од Демир Капија до Смоквица, во должина од околу 28 км, во согласност со Европските стандарди, со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X која поминува низ Република Македонија, како и модернизација на системот за наплата на патарина на постојните наплатни станици и изградба и опремување на четири нови наплатни станици на Коридор X.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица.

Оттука, Република Македонија и ЕБОР ќе склучат Договор за заем наменет за реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, во износ од 107.000.000 евра, во кој се утврдени условите на задолжувањето. Првата компонента од проектот ќе ја имплементира Оперативната структура составена од Министерството за финансии – Сектор за централно финансирање и склучување на договори, Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта, согласно воспоставениот систем за децентрализирано управување со европските фондови, додека втората компонента од проектот ќе ја имплементира Агенцијата за државни патишта. Заемот ќе се отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

**III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:**

Вкупната вредност на Проектот финансиран со заем од ЕБОР изнесува 107.000.000 ЕВРА. Заемот ќе се отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

**IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:**

Финансиските средства потребни за спроведување на законот се образложени во дел III од овој Предлог на Закон и во Образецот за фискални импликации, даден во прилог на овој материјал.

**V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТОТ НА КОРИДОР X, НА ДЕЛНИЦАТА ДЕМИР КАПИЈА – СМОКВИЦА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, да се донесе по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА АВТОПАТОТ НА КОРИДОР X, НА ДЕЛНИЦАТА ДЕМИР КАПИЈА – СМОКВИЦА

## Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската банка за обнова и развој со заем во износ од 107.000.000 евра, како национално кофинансирање наменето за реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, кој делумно ќе се финансира преку Инструментот за претпристапна помош – ИПА на Европска Унија.

## Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија - Смоквица, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Европската банка за обнова и развој.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

## Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од три години. Отплатата ќе се врши во 25 полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 20 април и 20 октомври секоја година, започнувајќи од 20 април 2014 година, а завршувајќи на 20 април 2026 година.

Годишната каматна стапка е варијабилна каматна стапка шестмесечен ЕУРИБОР зголемена за 1%на годишно ниво.

Република Македонија ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1 %од износот на заемот.

За износот на неповлечените средства од заемот, на Европската банка за обнова и развој ќе и се плаќа провизија во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво.

## Член 4

Проектот ќе се реализира во две компоненти и тоа:

- Изградба на автопат на Коридор X од Демир Капија до Смоквица и

- Изградба и инсталација на електронски систем за наплата на патарини.

Првата компонента од проектот ќе ја имплементира Оперативната структура составена од Министерството за финансии – Сектор за централно финансирање и склучување на договори, Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта.

Втората компонента од проектот ќе ја имплементира Агенцијата за државни патишта.

Член 5

Република Македонија, заемот од член 1 на овој закон, ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ**

**I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:**

Проектот, односно заемот ќе се реализира во две компоненти.

Првата компонента - Изградба на автопат на Коридор X од Демир Капија до Смоквица, има за цел изградба на автопатското решение на модерна делница од Демир Капија до Смоквица, во должина од околу 28 км, во согласност со Европските стандарди, со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X која поминува низ Република Македонија.

Во финансирањето на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X учествува и Европска Унија со грант средства во износ од 45 милиони евра и проектот ќе се имплементира според правилата за децентрализирано управување со ЕУ помошта од релевантните структури во Република Македонија. Проектот за изградба на автопатот на Коридор X е еден од т.н. „големи проекти“ во рамките на Оперативната програма за Регионален развој 2007-2011 година, финансирана преку третата компонента од Инструментот за претпристапна помош - ИПА на Европската Унија (ЕУ). За финансирање на Проектот во рамките на Оперативната програма алоцирани се 45 милиони евра за периодот 2007-2011 година. Согласно правилата за имплементација на ИПА, за да се овозможи спроведување на големите проекти, неопходно е до службите на Европската комисија да се достави ИПА апликација со која се бара одобрување на користењето на веќе алоцираните ИПА средства. По одобрувањето на ИПА апликацијата од страна на ЕК, која што е предмет на оценка, предвидено е потпишување на т.н. Билатерален договор за конкретниот проект помеѓу Владата на Република Македонија и ЕК.

Втората компонента - Изградба и инсталација на електронски систем на за наплата на патарини, има за цел модернизација на системот за наплата на патарина на постојните наплатни станици и изградба и опремување на четири нови наплатни станици на Коридор X.

Дел од потребните средства за реализација на овој проект во износ од 107.000.000 евра ќе бидат обезбедени преку заем од ЕБОР. За таа цел, ќе се склучи Договор за заем меѓу Република Македонија и ЕБОР по Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица. Усогласениот текст на Договорот за заем е даден во прилог.

Услов за склучување на Договорот за заем е донесување на закон за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем, утврдена во Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“бр. 62/05 и 88/08).

Заемот во износ од 107.000.000 евра ќе и биде доделен на Република Македонија. Првата компонента од проектот ќе ја имплементира Оперативната структура, составена од Министерството за финансии – Сектор за централно финансирање и склучување на договори, како раководител на Оперативната структура, Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта, согласно воспоставениот систем за

децентрализирано управување со европските фондови.

Втората компонента од проектот во целост ќе ја имплементира Агенцијата за државни патишта.

Техничката (физичката) имплементација и на двете компоненти од проектот ќе ја врши Агенцијата за државни патишта, која за таа цел ќе склучи посебен Проектен договор со ЕБОР.

Заемот ќе се отплаќа со средства од Буџетот на Република Македонија.

Рокот на отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од 3 години. Заемот ќе се отплаќа во 25 еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 20 април и 20 октомври секоја година, започнувајќи од 20 април 2014 година, а завршувајќи на 20 април 2026

Каматна стапка е варијабилна каматна стапка, 6 месечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1% на годишно ниво. Дополнително, постои можност за избор на фиксна каматна стапка, според процедура утврдена во Договорот за заем.

Република Македонија ќе и плати на ЕБОР еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот.

На износот на неповлечените средства од заемот се плаќа провизија на ЕБОР во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот.

Минималниот износ на средства од заемот кои можат да бидат откажани изнесува 10.000.000 евра, доколку се применува варијабилна каматна стапка, односно 7.000.000 евра, доколку се применува фиксна каматна стапка. Минималниот износ на средства од заемот кои можат да бидат предвремено вратени изнесува 10.000.000 евра.

Повлекувањето на заемот ќе се врши во транши. Минималниот износ на траншата изнесува 250.000 ЕВРА за првата компонента од проектот, односно 50.000 ЕВРА за втората компонента од проектот. Средствата од првата компонента од проектот ќе ги повлекува Министерството за финансии, кое за таа цел ќе отвори специјална депозитна девизна сметка во Народната банка на Република Македонија. Средствата од втората компонента од проектот ќе ги повлекува Агенцијата за државни патишта, која за таа цел ќе отвори специјална депозитна девизна сметка во Народната банка на Република Македонија.

За потребите од координација, управување, следење и евалуација на сите аспекти од имплементацијата на првата компонента од проектот, вклучувајќи ја и набавката на стоки, услуги и градежни работи за истата, Агенцијата за државни патишта ќе формира Единица за имплементација на проектот (ЕИП). Агенцијата за државни патишта ќе ангажира консултантска фирма која ќе и помага на ЕИП во сите фази од имплементацијата на проектот.

За потребите од координација, управување, следење и евалуација на сите аспекти од имплементацијата на втората компонента од проектот, вклучувајќи ја и набавката на стоки, услуги и градежни работи за истата, Агенцијата за државни патишта ќе формира

Единица за имплементација на проектот (ЕИП), составена од претставници на Агенцијата за државни патишта и од консултантската фирма која ќе биде ангажирана со грант средства од ЕБОР.

Физичката имплементација на проектот се очекува да биде завршена до 31.12.2015 година.

<u>Други обврски на заемопримачот кои ќе произлезат од Договорот за заем:</u>

•Да се обезбедат сите неопходни средства потребни за доврошување на проектот;

•На или пред 30.09.2012 година, да се формира единица за следење на концесии, која ќе биде одговорна за следење на проект/ите за концесија на патишта;

•На или пред 31.05.2011 година, да се назначат трансакциски советници, прифатливи за ЕБОР, за проект/ите за концесија на патишта;

•На или пред 31.12.2011 година, да се обезбеди дека се поднесени тендерски понуди за проект/ите за концесија на патишта;

•На или пред 31.05.2012 година, да се обезбеди поднесување на финален извештај од страна на комисијата за спроведување на тендерот за проект/ите за концесија на патишта;

•На или пред 30.09.2012 година, да се додели Договорот за проект/ите за концесија на патишта, кој е предмет на финално одобрување од Владата на Република Македонија.

<u>Услови за ефективност на заемот и повлекување на првата транша:</u>

•Правно мислење за Договорот за заем издадено од страна на Министерот за правда;

•Правно мислење за Проектниот договор од страна на раководителот на правен сектор во Агенцијата за државни патишта;

•Назначување на консултант кој ќе и обезбедува помош на ЕИП за имплементација на првата компонента од проектот, со средства од заемот од Европската инвестициона банка, прифатлив за ЕБОР;

•Успешно завршување на процедурата за набавки заради назначување на консултанти согласно проектните задачи прифатливи за ЕБОР, кои ќе вршат супервизија на градежните работи, вклучувајќи мониторинг на проектот од аспект на животната и општествената средина, здравјето и безбедноста;

•Завршување на 100% од експропријацијата на земјиштето преку поседување на целата должина од 28,18км на делницата од Демир Капија до Смоквица;

•Потпишување на првиот договор за заем за овој проект помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Со обезбедување на ефикасна инфраструктура ќе се придонесе за намалување на трошоците на возење и заштеда на време преку олеснување на протокот на возила. Обезбедувањето на хомогена инфраструктура ќе има позитивно влијание и на меѓународниот проток на возила и трговската размена, како и транзитирањето низ земјата. Со доизградбата на оваа алка во должина од околу 28 км, ќе се обезбеди поврзување на главните урбани, индустриски и трговски центри долж Коридорот X во рамките на регионот и пошироко во Европа. Дополнително, ќе се подобри наплатата на патарините во функција на зголемување на обемот на приходи на Агенцијата за државни патишта и нивно користење за подобрување на нивото на одржување на патната мрежа во земјава.

ОБРАЗЕЦ

ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

<table>
<tr><td>1.Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка</td><td colspan="3">2.Министерство / Орган на управа :<br><br>Министерство за финансии</td><td></td></tr>
<tr><td>3. Цел на предлогот:<br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка</td><td colspan="3">4.Вид на предлог:<br><br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка</td><td></td></tr>
<tr><td>5. Контакт лице и звање:<br>Сузана Пенева,<br>државен советник</td><td colspan="3">6. Контакт тел / факс или електронска пошта:<br>тел: 23106-454;<br>Suzana.Stoimceva@finance.gov.mk ;</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="5">7. Активност</td></tr>
<tr><td>8.Вид на барање:</td><td>( )Регулатива во врска со ЕУ<br><br>()Друга нова регулатива</td><td>( X )Нова програма<br><br>( )Зголемување/намалување на постоечка програма</td><td colspan="2">( )Прераспределба (на средствата) меѓу две програми<br><br>( )Спојување на две или повеќе програми</td></tr>
<tr><td colspan="5">9.Цел на барањето/предложената активност : Целта на проектот е изградба на автопатско решение на модерна делница од Демир Капија до Смоквица, во должина од околу 28 км, во согласност со Европските стандарди, со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X која</td></tr>
</table>

поминува низ Република Македонија, како и модернизација на системот за наплата на патарина на постојните наплатни станици и изградба и опремување на четирите нови наплатни станици на Коридор X.

10.Врска со владината програма: Предлогот на закон е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

| 11.Фискални импликации | (Во илјади денари) 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 9.198 | 51.076 | 84.807 | 488.109 | 647.602 | 670.618 | |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| В. Промена(разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Г. Расположливи средства од прелевања (од други активности или програми во органот)<br>• Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>• Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (Г-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Ѓ. Зголемување/ намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците | 215.250 | 1.236.150 | 1.894.200 | 1.734.300 | 1.500.600 | 0 | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извор:<br>Заем од Европска банка за обнова и развој | | | | | | | |
| 12.Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11А и 11Г) | | | | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | | | | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | | | | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | | | | |
| 18. Измени побарани од Министерство за финансии: | | | | | | | |
| 19. Одговор на Министерството предлагач: | | | | | | | |
| 20. Одговор од Министерство за финансии: | | | | | | | |
| 21. Дали мислењето на Министерство за финансии е дадено во прилог: | | | | | | | |
| 22. Одобрен/ дата:<br>______________<br>Потпис на државен секретар | / 03/2011<br>ден/месец/година | | ______________<br>Потпис на министерот | | | /0 3/2011<br>ден/месец/година | |

Подготвил: Ана Димитриевска/Ана Вељановска
Согласен: Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева